**С Т О П А Н С К А   Б А Н К А   А Д - С К О П Ј Е**

# О Д Л У К А

за начинот на пресметување и исплата на дивиденда за приоритетните акции на Стопанска банка АД – Скопје за втората половина на 2018 година

Скопје, мај 2019 година

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД - Скопје (С.О. бр. 339/15.12.2016 година, пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје, на седницата одржана на  05.2019 година донесе

**О Д Л У К А**

за начинот на пресметување и исплата на дивиденда за приоритетните акции на Стопанска банка АД – Скопје за втората половина на 2018 година

1. Стопанска банка АД - Скопје (СБ) ќе изврши исплата на дивиденда по приоритетни акции за втората половина на 2018 година во вкупен износ од МКД 909.776,00 или бруто износ од МКД 4,00 по акција, согласно финансиските извештаи  за 2018 година.

2. Основицата за пресметка на дивидендата изнесува МКД 90.977.600,00 денари (227.444 приоритетни акции со номинална вредност од МКД 400,00 по акција).

3. Датум на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право на дивиденда, односно датум на пресек на Акционерската книга е 12.06.2019 година.

4. Последен ден на тргување со право на дивиденда е 10.06.2019 година.

5. Прв ден на тргување без право на дивиденда е 11.06.2019 година.

6. Дивидендата ќе се исплати во вид на еднократно плаќање, но не подоцна од 30 дена од денот на усвојување на Одлуката за распределба на Добивката на Стопанска банка АД - Скопје за 2018 година од Собранието на акционери на СБ.

7. Рок за известување на акционерите кои имаат право на дивиденда за втората половина на 2018 година е најдоцна 5 дена од одржаната седница на Собранието на акционери. СБ ќе го објави известувањето во најмалку еден дневен весник и на веб страницата на СБ.

8. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

С.О. Бр. ______

_________2019 година

С к о п ј е

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

Претседавач,

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на Одлуката за издавање на акции во Втора емисија СО. бр. 32/20.06.1991, Одлуката за издавање на акции во Четврта емисија СО.бр. 102/30.05.1996 година и Статутот на СБ, пречистен текст од декември 2016 година, а во согласност со одредбите на член 487 од ЗТД, како и врз основа на финансиските извештаи за периодот 2018 година ревидирани од овластен ревизор, Стопанска банка АД - Скопје ќе изврши исплата на дивиденда на имателите на приоритетни акции за втората половина од 2018 година.

Со оваа Одлука се утврдува начинот на пресметка, основицата за пресметување и начинот на исплатата на дивидендата на имателите на приоритетни акции.

Согласно понапред цитираните Одлуки за издавање на акции, дивидендата по приоритетни акции се утврдува во висина на каматата на денарските средствата (денарски штедните влогови) на население орочени на 1 (една) година, зголемена за соодветниот процентен поен кој се утврдува со Одлуката за каматни стапки на СБ донесена од Комисијата за управување со активата и пасивата на СБ. Од март 2006 година, наведенета дополна на каматна стапка на орочени депозити се утврдува на 1 процентен поен. Истиот начин на пресметка на дивиденда беше применет и за првата половина од 2018 година.

Основица за пресметка на дивидендата е износот од МКД 90.977.600,00 денари, односно 227.444 приоритетни акции со номинална вредност од МКД 400,00 денари по акција.

Вкупниот износ на дивиденда за приоритетните акции за втората половина од 2018 година е МКД 909.776,00 или бруто износ од МКД 4,00 по акција. Дивидендата која се исплаќа на домашни и странски физички лица е предмет на персонален данок на доход, а дивидендата на странски правни лица е предмет на данок на задршка во согласност со Законот за персонален данок на доход и Законот за данок на добивка.

Имајќи го предвид погоре изнесеното, се предлага Собранието на акционери на СБ да ја донесе приложената Одлука.

Скопје, мај 2019 година